Согласно член 22, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/02). Врз основа на член 34 став 1 и член 36 став 2 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04, 31/06 и 30/07 член 15 став 1 од Законот за бесбедност и сообраќај на патиштата (Сл. Весник на РМ бр. 169/15 и 226/15). Член 34 став 3 точка 3 (Сл. Весник на РМ бр. 93 од 24.07.2012 година) и член 14 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник на Општина Лозово бр. 02/2005 година) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 11.12. 2023 година ја донесе следната:

# *ПРОГРАМА*
# *ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА СЕЗОНА 2023-2024*

Во оваа Програма се утврдуваат работите за зимско одржување на јавните патишта на подрачјето на Општина Лозово за сезонта 2023/2024 година, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите, патеките и други јасно прометни површини.

Јавните патишта на подрачјето на Општина Лозово се дефинираат како:

- експресни
- локални патишта

За експресниот пат надлежно е ЈП за државни патишта на РМ кое преку ЈП Македонија пат врши зимско одржување на истите додека за локалните патишта и улици надлежна е Општина Лозово.

**1. Работи за зимско одржување на јавните патишта се:**

- Чистење на снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и други јавно прометни површини;

- Посипување на коловозот со сол и други абразивни средства во осојничавите места, мостови, делниците со поголем наклон на патот, како и други места во случај на појава на мраз на коловозот.

Работите на зимско одржување на јавните патишта и улици се изведуваат на начин кој обезбедува постојана проодност.

Ако поради снег или голомразица или други причини, сообраќајот на јавниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе преземе итни мерки за одстранување на пречките

а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односо надлежен орган на општината.

Во случаите кога прекинот трае подолго од 2 часа надлежниот орган на општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини, одрони од поголем обем или од други причини), надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен **„План за отстранување на последиците од елементарните непогоди“** што го донесува Советот на општината.

**2. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:**

**а) Советот на Општина Лозово**

- Донесува Програма за зимско одржување;
- Донесува посебен План за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

**б) Оддеение за комунални работи, сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина:**

- Го организира со сопствени градежни машини (грејдер) чистењето на снегот и мразот од коловозот на локалните патишта и улици, комуналните објекти, тротоарите, патеките, како и посипување на коловозот со сол и абразивни средства;
- Привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;
- Презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежнот државен или општински орган;
- Во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;
- Ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од 2 часа;
- Постапува согласно посебниот План за отстранување на последиците од елементарните непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.

**в) Комунален инспектор и комунален редар**

- Врши надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини во зимскиот период.

**г) Инспектор за сообраќај и патишта**

- Врши надзор и контрола на целокупната состојба на локалните патишта и улици.

**д) Општински штаб за заштита и спасување**

- Зема активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено превземање на превентивни мерки за цивилна заштита, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност за екипите – лицата од населените места кои ќе вршат посолување и чистење.

**3. Во зимското одржување на јавните патишта и улици ќе учествуваат и други органи, институции и претпријатија со следниве задачи**

**а) Републички сообраќаен инспектор**

- Врши надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот и патиштата.

**б) Центар за известување и тревожење**

- Активно се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимско одржување и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето.

**в) Сообраќајна полиција**

- Покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

**г) Јавното претпријатие за одржување на патиштата Македонија пат – Скопје, Подружница – Штип, Зимски пункт – Сарамзалино**

**а) ЕВН КЕЦ – Штип**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и други уреди.

**б) АД Македонски телекомуникации – РЦ – Штип**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ – инсталации, околу АТЦ – централите, телефонските говорници и други уреди.

**в) Превозниците во јавниот превоз**

- Преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и оспособување на нивно користење.

**г) Граѓаните**

- Го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

**д) Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани**

- Го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

**ѓ) Други учесници**

- Единиците на цивилна заштита, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода дејствуваат според посебен План за отстранување на последиците од елементарната непогода.

**е) Месните заедници во општината**

- Се должни да преземаат одговорност во смисла: да го известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за отстранувањето на снежните наноси при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со општината Лозово – одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, да преземат конкретни работни задолженија и обврски во зимско одржување на патната мрежа, заради што по одделни МЗ може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат индустриска сол за патиштата, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето.

**ж) Сите учесници**

- Се должни во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна Програма за својата подготвеност со механизација и извршители.

Самата реализација на оваа програма зависи од неколку фактори кои имаат влијание на состојбата на патната мрежа и локалните улици од кои би ги напоменале:

- снежни наноси,
- врнежи од дожд,
- голомразици како резултат на екстремно ниски температури и др.

Посебно треба да се нагласат силните ветрови кои во овој временски период дуваат секој ден и нанесуваат големи наноси снег кои пак го оневозможуваат протокот на пешачкиот и моторен сообраќај.

Поради горе наведениот факт повеќе од потребно е постојано дежурство и интервенција на сите патни правци кон населените места во Општина Лозово.

Самото постоење на експресниот пат Велес – Штип кој поминува низ Општина Лозово налага и негово одржување посебно во зимски услови.

Посебно би го истакнале местото Сарамзалино и местото Јазла кои и при најмали снежни врнежи бара брза реакција и интервенција.

Исто така треба да се споменат и локалниот пат Лозово – Милино – Ѓуземелци на кој поради експозицијата на теренот и при најмали ветрови при услови на снег треба да реагираме континуирано.

Истото се случува и со локалниот патен правец Дорфулија – Кишино – Бекирлија кој е многу тежок за одржување.

Целиот овој ангажман бара и зголемување на финансиските средства за работењето односно ангажирањето на работна сила, механизација, материјални трошоци и друго.

Од тие причини не само кај нас туку и во поразвиените општини со поразвиено стопанство организација се спроведува за просечно ниво на зимски појави.

Од економски аспект не е прифатливо високо ниво на услови за зимско одржување за целата локална патна мрежа и улици.

Локалните патишта се рангирани во зимски категории од што произлегува и обврската на Општина Лозово да интервенира со својата расположлива механизација и работна рака.

Потребата од интервенција ќе зависи од интензитетот на сообраќајот и потребата од комуникација од секаков вид на строго дефинирани релации и пунктови.

Појавите во зимскиот период се манифестираат како редовна појава особено имајќи ја во предвид местоположбата на Општина Лозово и нејзините климатски услови и влијанија кои неможат однапред да се предвидат како би се дејствувало благовремено.

Поради сето горе наведено неопходно е за зимско одржување на локалните патишта и улици да се лоцираат соодветни пунктови кои ќе бидат опремени со работна рака, механизација и потребни материјали за интервенција.

Самите пунктови треба да се секогаш во приправна состојба и спремни за брза интервенција.

Во самото зимско одржување а во согласност со Планот за заштита и спасување од елементарни непогоди непосредно се вклучени и правни лица со сета своја расположлива работна така и механизација која е сместена во нивните седишта и погони.

После извршените интервенции правните лица, ако бидат ангажирани се должни да изготват градежна книга и истата да ја достават до Општина Лозово.

Обврска за изработка на градежна книга има и ЈКП – Лозово како еден од носителите и реализаторите на програмата за зимско одржување.

За успешно реализирање на оваа програма посебно треба да се нагласат климатските влијанија кои во овој период го зафаќаат нашето подрачје. Имено силните ветрови кои дуваат скоро секојдневно нанесуваат големи наноси снег кои претставуваат голем проблем во сообраќајот.

Во минатите сезони кај Зимскиот пункт Сарамзалино поради големи наноси снег во ноќните часови и непроодноста на патот голем број на патници беа завеани и за нив потребно е организирање на сместување во околните ресторани и приватни домови на наша сметка.

Во минатата сезона како и вообичаено баравме помош во механизација од Македонија пат од Зимскиот пункт Сарамзалино, но поради презафатеност на истата не успеваа благовремено да ни помогнат.

И покрај сите напори што ги правевме се случување да одредени делници ги исчистиме и само после неколку часа истите бидат завеани, и од тие причини воспоставивме 24 часовно дежурство кое пак бараше дополнителни средства од и онака малиот општински буџет.

**5. Обем на одржување**

Обемот на одржување на локалните патишта и улици зависи од:

- густина на населеност;
- фреквенција на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфрасттруктурни објекти;
- локации на јавни објекти.

Расчистувањето на локалните патишта и улици ќе се одвива по следнава приоритетна листа:

**6. Приоритетна листа за зимско одржување на локалните патишта и улици во населбите на Општина Лозово**

Зимското одржување на локалните патишта и улици ќе се извршува со машинско чистење на снегот од коловозот и расфрлање на песок и сол на места на кои за тоа ќе има потреба а на одредени места (тротоари, патеки и др.) ќе се пристапи и со рачно чистење на снегот.

Според важноста на локалните патишта и улици, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите тие можат да се поделат во 2 (две) приоритетни групи на одржување. Состојбата може да се види од следната табела:

| Ред. број | Вид на делница | Опис на делница | Приоритет I (км) | Приоритет II (км) | Вкупно I и II (км) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Локален пат (асфалтиран) | Лозово-Дорфулија | 1,6 | | 1,6 |
| 2. | Локален пат (асфалтиран) | Лозово-Летиште-Каратманово | 4,5 | | 4,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Локален пат (асфалтиран) | Лозово-Милино | 4,7 | | 4,7 |
| 4. | Локален пат (асфалтиран) | Милино-Ѓуземелци | 3 | | 3 |
| 5. | Локален пат (асфалтиран) | Лозово-Сарамзалино | 3,5 | | 3,5 |
| 6. | Локален пат (асфалтиран) | Сарамзалино-Аџиматово | 1,1 | | 1,1 |
| 7. | Локален пат (асфалтиран) | Сарамзалино-Ќоселери | 3,1 | | 3,1 |
| 8. | Локален пат (асфалтиран) | Дорфулија-Каратманово | 2,4 | | 2,4 |
| 9. | Локален пат (асфалтиран) | Милино-Јазла | 3,4 | | 3,4 |
| 10. | Локален пат неасфалтиран оформен | Дорфулија-Кишино | | 9 | 9 |
| 11. | Локален пат неасфалтиран оформен на места тешко прооден | Дорфулија-Бекирлија (преку Кишино) | | 18 | 18 |
| 12. | Локален пат оформен нетампониран | Дорфулија-Ќоселери | | 3,3 | 3,3 |
| 13. | Локален пат оформен нетампониран | Лозово-Кнежје | | 7 | 7 |
| 14. | Локален пат оформен | Лозово-Црнилиште | | 5 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нетампониран | | | | |
| 15. | Локален пат оформен нетампониран | Милино-Иванковци | | 5,3 | 5,3 |
| 16. | Локален пат неасфалтиран оформен на места тешко прооден | Каратманото-Кишино-Бекирлија | | 19 | 19 |
| 17. | Локален пат оформен нетампониран | Каратманото-Ново Село | | 3 | 3 |
| 18. | Локален пат делумно асфалтиран | Ѓуземелци-Кнежје | | 3 | 3 |
| 19. | Локален пат оформен нетампониран | Ѓуземелци-Иванковци | | 4 | 4 |
| 20. | Локален пат оформен нетампониран | Ѓуземелци-Горобинци | | 3 | 3 |
| 21. | Локален пат (асфалтиран) | Сарамзалино-Црнилиште | 2,8 | | 2,8 |
| 22. | Локален пат оформен нетампониран | Аџиматово-Црнилиште | | 2 | 2 |
| 23. | Локален пат оформен нетампониран | Аџиматово-Лозово | | 2,9 | 2,9 |
| 24. | Локален пат оформен на | Ќоселери-Црешка | | 9 | 9 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | места тешко прооден | | | | |
| 25. | Локален пат оформен на места тешко прооден | Ќоселери-Аџибегово | | 5 | 5 |
| 26. | Локален пат оформен на места тешко прооден | Ќоселери-Делисинци | | 4 | 4 |
| 27. | Локален пат оформен неасфалтиран | Ќоселери-Лозово (стар пат) | | 4 | 4 |
| 28. | Локален пат оформен неасфалтиран | Лозово-Дорфулија | | 1 | 1 |
| | | **Се вкупно** | **30,1** | **107,5** | **137,6** |

Зимското одржување на улиците на Општина Лозово исто така се приоритет за општината и динамиката на нивно одржување ќе зависи од тоа дали на улицата има јавни објекти, продавници за обезбедување на намирници, стопански објекти до кои работниците треба да дојдат на работа и слично но аспект ќе се стави на училиштата т.е најпрво ќе се реагира за чистење на снегот до училиштата.

Прикажано во табела тоа изгледа вака:

| **Ред. број** | **Населено место** | **Име (опис) на делницата** | **Приоритет I** | **Приоритет II** | **Вкупно I и II** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Лозово-асфалт | Маршал Тито | 1,1 | | 1,1 |
| 2. | Лозово-асфалт | Илинденска | 0,5 | | 0,5 |
| 3. | Лозово-асфалт | Октомвриска револуција | 0,6 | | 0,6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Лозово-тампон | Козара | 0,2 | | 0,2 |
| 5. | Лозово-асфалт | Братство Единство | 0,2 | | 0,2 |
| 6. | Лозово-асфалт | АВНОЈ | 0,2 | | 0,2 |
| 7. | Лозово-асфалт | В.И.Ленин | 0,2 | | 0,2 |
| 8. | Лозово-асфалт | Кочо Рацин | 0,4 | | 0,4 |
| 9. | Лозово-тампон | Питу Гули | 0,2 | | 0,2 |
| 10. | Лозово-асфалт | Јане Сандански | 0,3 | | 0,3 |
| 11. | Лозово-асфалт | АСНОМ | 0,2 | | 0,2 |
| 12. | Лозово-асфалт | Коле Неделковски | 0,6 | | 0,6 |
| 13. | Лозово-асфалт | Н.Ј.Вапцаров | 0,2 | | 0,2 |
| 14. | Лозово-асфалт | Железничка | 0,2 | | 0,2 |
| 15. | Дорфулија-асфалт | Влез во село до центар на село | 0,6 | | 0,6 |
| 16. | Дорфулија-асфалт | Од центар на село до школо | 0,3 | | 0,3 |
| 17. | Дорфулија-асфалт | Од центар до излез кон Кишино | 0,5 | | 0,5 |
| 18. | Дорфулија-асфалт | Од центар до излез кон Палаш | 0,3 | | 0,3 |
| 19. | Дорфулија-тампон | Од центар до куќа на Љ.Гацев | | 0,2 | 0,2 |
| 20. | Дорфулија-тампон | Од џамија до | | 0,5 | 0,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | куќа на Д.Наков | | | |
| 21. | Дорфулија-асфалт | Од џамија до куќа на М.Шерифов | | 0,2 | 0,2 |
| 22. | Дорфулија-асфалт | Од џамија до канал и покрај канал | 0,3 | | 0,3 |
| 23. | Дорфулија-асфалт | Од школо до канал | 0,3 | | 0,3 |
| 24. | Каратманово-асфалт | Од влез на село до центар | 0,4 | | 0,4 |
| 25. | Каратманово-асфалт | Од центар кон гробишта | 0,4 | | 0,4 |
| 26. | Каратманово-асфалт делумно | Од центар кон трнска маала | 0,3 | | 0,3 |
| 27. | Каратманово-тампон | Од центар до Ј.Трајчев | 0,2 | | 0,2 |
| 28. | Каратманово-асфалт | Од центар до Н.Јовевски | | 0,2 | 0,2 |
| 29. | Каратманово-асфалт | Од центар до долна маала | 0,3 | | 0,3 |
| 30. | Милино-асфалт | Од влез на село до центар | 0,3 | | 0,3 |
| 31. | Милино-асфалт | Од центар ко школо | 0,5 | | 0,5 |
| 32. | Милино-асфалт | Од центар до | | 0,2 | 0,2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | пумпна станица | | | |
| 33. | Сарамзалино-АСФАЛТ | Главна улица | 0,6 | | 0,6 |
| 34. | Аџиматово-асфалт | Главна улица | 0,5 | | 0,5 |
| 35. | Ќоселери-асфалт | Главна улица | | 0,5 | 0,5 |
| | | **Се вкупно** | **10,9** | **1,8** | **12,7** |

Зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Лозово кои не се предвидени со оваа Програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог од нарачателот.

**7. Динамика и ниво на одржување**

Оспособување на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Прва состојба на готовност – е состојба на присуство на голомразица и снежни врнежи до 20цм.
- Втора состојба на готовност – е состојба на присуство на голомразица и снежни врнежи над 20цм.

Оспособувањето на коловозот во прва и втора состојба на готовност го врши Општина Лозово и ЈКП Лозово со сопствена механизација и , а по потреба Јавното комунално претпријатие ЈП „Лозово“ од Лозово ќе ангажира вработени за чистење на тротоарите и јавните површини.

Начинот на организација го врши Градоначалникот на Општина Лозово.

**8. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на програмата**

За реализација на оваа програма се планираат 420 000,оо денари кои ќе се трансверираат до ЈПКД Лозово од Лозово кои се одговорни за реализација на

програмата врз основа на склучен договор и доставена фактура за реализирани активности.

Потребната механизација, материјали, гориво и мазиво со која се планира реализација на зимското одржување е обезбедена од страна на ЈПКД Лозово .

**9. Извршување на програмата**

Извршувањето на Програмата го врши Општина Лозово и ЈПКД Лозово од Лозово

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Сл.гласник на Општина Лозово.

Дата:11.12 .2023 год

Изготвил: Љупчо Димитров

_________________

Совет на Општина Лозово

Претседател

_________________

Владе Миланов